Димитар ДИМЕСКИ

# ЛЕРИНСКИТЕ ПРОВАЛИ ВО 1902 ГОДИНА

ТМОРО во Леринско во почетокот на 1902 година имала фатено длабоки корени[1].

Голема заслуга за тоа имал војводата Георги Иванов, познат под псевдонимот Марко Лерински[2]. Благодарение на неговите врвни организаторски квалитети и драгоценото воено искуство, неговата чета станала „стожер на револуционерното движење" во Леринско[3].

Четата на Марко Лерински поради својата изразито организаторско-агитаторска дејност постанала вистинска огледна чета во Вториот (Битолски) револуционерен округ[4]. Тоа и овозможило да прерасне во револуционерна школа за подигање на раководни кадри неопходно потребни за Четничкиот институт на Организацијата[5]. Така, меѓу другите, во четата на Марко Лерински стажирале Л. Настев, М. Патчев, Сл. Арсов и Хр. Силјанов[6].

---

[1] Г. Делчев, при својата обиколка на Македонија во 1901/2 година, во Леринско се задржал кратко време зашто наишол на „реон огледен во секој поглед. Работници ентузијазирани, организации стегнати, чета дисциплинирана и во полна смисла на зборот агитационо-организаторска. (Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, София, 1933, т. I, 133).

[2] Георги Иванов (1862—1902 г.) е роден во с. Жеравна, Котленско, Бугарија. Бил наредник (фелдфебел) во бугарската армија. Познаник на Делчева од Одринско. Делчев ги проѕрел неговите вистински квалитети и успеал да го придобие за македонската кауза. Во 1902 година бил испратен за војвода во Костурско, но по кратко време се префрлил во Леринско, каде што и го положил својот живот за ослободителното дело на македонскиот народ. Сп. В. Трифоновъ, Себеотрицанието на македонския четникъ (Изъ революционно Леринско), Илюстрация Илинденъ, XI/8 (108), София, 1939, 10; Хр. Силяновъ, op. cit., 133; Освободителната борба въ Костурско (до 1904 г.), По спомени на Пандо Кляшевъ, МНИ, София, 1925, 27—31; Македонски возрожденци и револуционери. Албум, Скопје, 1950, 42; Георги Ивановъ, Отдѣлъ IX, т. XVIII, обясн. т. стр. 11, бр. 65, Албумъ Алманахъ Македония, София, 1931; Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис, Архив на ИНИ, сл. IV, 84, 10.

[3] Историја на македонскиот народ, ИНИ — НИП „Н. Македонија", Скопје, 1969, т. II, 186; В. Трифоновъ, Idem, 10.

[4] Г. П. Христов, Какъ се създадоха първите организационни чети в Битолския окръг, Сборникъ 50 години от Илинденското въстание, София, 1953, 88.

[5] Спомени на Ан. Лозанчев. . . , IV, 84, 10; Историја на македонскиот народ, т. 2, Скопје, 1969, 186; Д-р Глигор Тодоровски, Вооружените подготовки на ВМРО за востание (1893—1903 г.), Зборник Г. Делчев, Скопје, 1973, 65.

[6] Хр. Силяновъ, op. cit., 136; Г. П. Христов, Idem, 89.

Чесен до крајност, исцело предан на македонското ослободително дело, Марко Леринскн со невиден аскетизам во својот четнички живот, преку својот личен пример мошне воспитно делувал на својата околина.[7] Тоа го забележал и Делчев. При разделбата во с. Гугово, Воденско, на 24. I 6. II. н. стил 1902 година, Г. Делчев, според Силјанова, меѓу другото, истакнал:

„Јас носам најдобри впечатоци од вашиот (лерински, м. б.) реон. Семето кое вие го посеавте даде многу ветувани резултати, но во нашата дејност не може да има граници!. . .”[8]

За тоа посебна заслуга имал Марко Леринскн[9].

Оттаму реална е констатацијата дека е значаен придонесот на Марко Леринскн за ширењето и зацврстувањето на ТМОРО во Леринско[10].

Краткотрајноста на Делчевиот престој во Леринско резултира пред сè, од стабилноста на организационата мрежа. Освен тоа треба да се има предвид дека леринската чета полни два месеца го придружувала Делчева при што имала можност да ги апсорбира неговите идеи. Притоа не треба да се заборави учеството на некои лерински раководители на Советувањето во Загоричани, каде биле усвоени основните насоки за идната дејност[11]. Гледано од тој аспект, Делчевата мисија дала импулс за натамошен растеж на револуционерното движење во Леринско. Таа фактички довела до масовизирање на ТМОРО во Леринско[12].

Адекватно на растежот на организационата мрежа растеле и можностите за нејзиното провалување.

Првата поголема провала во 1902 година датира во м. јануари за време на Делчевиот престој во Леринско.

На 26 јануари 1902 година битолскиот валија бил известен дека „мнозина комитетски првенци се собрале во Екшису”. Поради тоа веднаш испратил за Екшису кавалериски ескадрон на чело со Рифат

---

[7] Спомени на Лозанчев, ракопис, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 84, 10; Хр. Силяновъ, op. cit., 136; Хр. Силяновъ, Писма и исповѣди на единъ четникъ (1902 г.), МНИ, София, 1927, 211. (Ова свое дело Силјанов го посветил на Марко Лерински).

[8] Хр. Силяновъ, Раздѣла (Споменъ). Македоно-одрински прегледъ, г. II/13, София, 25 декемврий 1905, Литературно-художествена прибавка, стр. 100; Хр. Силяновъ, Писма. . . , 44—45.

Во овој период четата на Марко Лерински ја сочинувале 7 четници и тоа: Кљусов, Кице Алипашов, Дине Абдураман (Абдурахман), дедо Андреја (Јандре), Темелко од Битолско, Славко Арсов и Христо Силјанов.

[9] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди на единъ четникъ (1902 г.), МНИ, София, 1927.

[10] „Во Леринско, на масовното опфаќање на селаните, без разлика на нивната црковна припадност, најмногу работел војводата Марко Лерински. . . Масовноста на оваа појава во Леринската околија ја потврдуваат и некои грчки извори”. (Манол Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893—1903), Култура, Скопје, 1974, 106).

[11] Д. Димески, Делчевата мисија во Костурско и Леринско, зб. Г. Делчев, Скопје, 1973, 203—204.

[12] Сп. Владо Каров, За улогата на Г. Делчев во организационото оформување и омасовување на македонското национално-революционерно движење со посебен осврт на Гевгелиско-Дојранскиот крај, Зб. Г. Делчев, Скопје, 1973, 176.

бег. Според францускиот вицеконзул во Битола, Макс Шублие, благодарение на Рифатовата зафатеност поради собирање башибозуци по околните села, „конспираторите" навреме биле предупредени и „имале време да избегаат". Во овој податок на Шублие има извесна доза на вистина. Во меѓувреме, револуционерите предводени од Делчева наситиле дека се откриени од турските власти. Во последен момент го напуштиле Екшису и се префрлиле во с. Пателе. Во Пателе дознале за блокадата на Екшису и нечуената тортура над невиното население. Всеедно ја добиле и веста дека дел од аскерот тргнал за Пателе. Поради тоа го напуштиле с. Пателе и се префрлиле во Острово, Воденско.[13]

Провалата се ограничила само на Екшису. Седумнаесет жители на Екшису биле затворени во битолскиот затвор и осудени на временски казни[14].

Во м. февруари 1902 година пламнала т.н. Јосифова провала, прва посериозна провала што во 1902 година ја затресла мрежата на ТМОРО во Леринско.

Јосифовата провлаа засегнала три града и 14 села во битолската и леринската каза. Биле зафатени градовите: Битола, Лерин и Крушево, како и селата: Долно Егри, Букри, Барешани, Жабјани, Градешница, Журче, Бела Црква, Пополжани, Асаново, Лесковец, Росен, Арменор, Секулово и Борешница. Притоа биле затворени околу 70 лица. Од нив, 46 биле осудени на казни од 3 г., 5, г., 101 г. и на смрт.

Последиците од Јосифовата провала биле доста тешки. Самата провала, гледана низ призмата на територијата што ја опфатила, бројот на затворените и осудените лица, тежината на казните, зголемениот број нелегални, запленувањето на извесно количество оружје, разоткриениот канал за пренесување оружје, стагнацијата во наоружувањето на населението, како и привременото опаѓање на неговиот морал, — ѝ задале тежок удар на ТМОРО во овие региони[15].

Во меѓувреме, по налог на Леринскиот околиски комитет на ТМОРО, четата на Марко Лерински осудила и егзекутирала двајца организациони работници кои ги прекршиле нормите на Организацијата[16]. Ликвидирани биле: Црвенков — учител во с. Борешница и раководител на Организацијатта во тоа село — и Петар Бардакот, воденичар од с. Неокази[17]. Егзекуцијата била извршена во втората половина

---

[13] Cf. Д. Димески, Делчевата мисија во Костурско и Леринско 1901/2 година, сп. Современост, т. XXII/9—10, Скопје, 1972, стр. 952—953, фусн. 117—127.

Г. Делчев престојувал во Екшису веројатно од 21—28 јануари 1902 година.

[14] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . . , 100.

Меѓутоа, според Д. Иванов, биле затворени околу 30 жители на Екшису. Сп. Д. Ивановъ, Сб. Илинденъ, София, 1926, 46. Според Мемоарот, од 18/31. I. 1902 год. во битолскиот затвор лежеле 18 жители на Екшису (Македония и Одринско. . . , 16).

[15] Поопширно за оваа провала види: Д. Димески, Јосифовата провала во 1902 година, Год. зб. на Филозофскиот факултет, т. 24—25, Скопје, 1973, 175—188.

[16] Въстаническото движение въ Югозападна Македония (до 1904), По спомени на Славейко Арсовъ, МНИ, София, 1925, 27.

[17] Споменативе двајца биле обвинети за препродажба на организациони пушки, за проневера на организациони пари и за ливвидирање на Ване од с. Неокази кој бил член на ТМОРО. Третиот обвинет, дедо Јанаки од с. Борешница, бил ослободен од

[library stamp] СКОПЈЕ

на м. февруари 1902 година над с. Попадија во полите на Ниџе Планина[18].

Споменатава акција не останала без реперкусии. „Десетина дена по изчезнувањето на Бардакот, властите претресле неколку куќи во Неокази, но не окриле ниедна пушка. Потоа го извикале на иследување месниот учител. Турците сè уште немале сериозни индиции, но ефектот од претресите и започнатата истрага бил толку силен, што десетина од нашите најверни работници решиле да избегаат"[19]. Така, во средината на март 1902 година четата на Марко Лерински двојно се зголемила[20]. Тоа довело до создавање на две чети.

Марко во својата чета од старите соборци го задржал само Дине Кљусов. Марковата чета требало да дејствува во јужниот дел на леринското поле и северните падини на Вич.

Втората леринска чета била предводена од дедо Андреја[21]. Секретар—агитатор на оваа чета станал Христо Силјанов. Во оваа чета влегле — Дине Абдураман, Кице Алипашов, Крсте од Сетино и тројца новодојденци од Неокази .Радиусот на дејството на оваа чета го опфаќал горниот дел од леринското поле и планината Ниџе[22].

Во средината на мај 1902 година Марко Лерински извршил нова реорганизација на леринските чети поради еден конфликт во воденското село Месимер помеѓу Христо Силјанов и дедо Андреја[23]. Притоа за војвода на втората леринска чета го определил Хр. Силјанов. Во оваа чета влегле Иван, Коста и Стефо Попов од с. Неокази, Трајан од с. Каленик, Крсте од с. Барешани, Ташо од Воденско и Кице Алипашов од Екшису[24].

---

обвинението. (Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди на единъ четникъ, София, 1927, 77—79).

Христо Силјанов мошне пластично го насликал амбиентот на судењето на револуционерниот трибунал. Општо земено, споменатава книга на Силјанов има мемоарско-белетристички карактер. Ив. Бурин во предговорот на новото издание на оваа книга се осврнува на нејзините книжевни квалитети. За жал, Бурин не успеал да се ослободи од тезата за нејзиниот „бугарски" белег. Сп. Хр. Силянов, Писма и изповеди на един четник 1902, София, 1967, 7—25.

[18] Егзекуцијата ја извршиле Кице Алипашов и Славко Арсов. Сп. Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . . , София, 1927, 79—81.

[19] Хр. Силяновъ, op. cit., 99.

[20] 3/16 март 1902 г. Ibidem.

Потребно е да се спомне дека во четата на М. Лерински пред споменатиот настан на Ниџе Планина дошле Трајан од Каленик и Крсте од Сетино, а кратко време по тој настан четата ја напуштиле Славко Арсов и Темелко, кои заминале за Битола.

Сл. Арсов го датира своето заминување нешто порано. (Сп. Въстаническото движение въ Югозападна Македония, По спомени на Сл. Арсовъ, 28: Хр. Силяновъ, Idem, 80—92).

[21] Дедо Андреја (Јандре) потекнувал од Демирхисарско. Бил во четата на Ордан Пиперката. Потоа бил испратен во четата на М. Лерински. Извесно време делувал како привремен војвода во Прилепско. Потоа повторно бил вратен во четата на Марко Лерински. Иако бил неписмен, имајќи го предвид неговото искуство и немајќи притоа попогодна личност — Марко Лерински го назначил за војвода на втората леринска чета. Сп. Революционната борба в Битолския окръг, Спомени от Г. П. Христовъ, София, 1953, 31—32; Хр. Силяновъ, Idem. 3, 52, 103.

[22] Хр. Силяновъ, Idem, 102—103.

[23] Хр. Силяновъ, Idem, (120—124, 139), 146—150.

[24] Хр. Силяновъ, Idem, 148—149.

Наскоро потоа Трсјенската провала сериозно ја разнишала организационата мрежа во Леринско.

До оваа провала дошло сосем случајно.

Кон крајот на мај 1902 година[25] турска потера отишла во селото Трсје[26]. Притоа налетала на компромитираниот учител Геле[27]. Иако ранет од потерата, Геле успеал да се извлече од нејзините канџи. Меѓутоа, во бегството ја испуштил „чантата со архивата, со писма, во кои биле назначени и луѓето, кои имаат пушки и дури бројот на пушката"[28]. Покрај тоа, во турски раце паднале:

1. Ване П. Јанев, 38-годишен, и

2. Андреј Новачков, 29-годишен.

Споменативе двајца на 18/31 мај н. стил 1902 година биле затворени во битолскиот затвор[29].

По ова настаните почнале да се одвиваат со филмска брзина. Непосредно по споменатиов настан во с. Трсје пристигнале костурските раководители П. Кљашев и В. Чакаларов со цел да се сретнат со Марко Лерински за да се консултираат поради преземање натамошни чекори против Коте Христов[30]. Речиси едновремено со нив во Трсје пристигнал М. Лерински со својата чета[31]. Неговата намера била да го испита случајот со Геле и да преземе соодветни мерки со кои би ја неутрализирал евентуалната турска акција за одземање на пушките

[25] Веројатно на 17/30 мај н. стил 1902 година.

Навистина, А. Динев ја изнесува споменатава дата, меѓутоа неговиот натамошен опис на настанот е далеку од вистината. Сп. А. Динев, Илинденската епопея, т. I, Соља, (1945), 193.

[26] Турската потера влегла во селото под изговор дека бара разбојници во врска со некој (веројатно банален, м.б.) случај, сп. Освободителната борба въ Костурско, По спомени на П. Кляшевъ, МНИ, София, 1925, 76.

Не е познато, поконкретно, за каков случај се работи.

[27] Геле бил раководител на Организацијата во с. Трсје. Одамна бил нелегален. Своевремено како член на Леринската терористична група (заедно со Петре од Трсје) извршил убиство над гркоманскиот свештеник Коста од с. Неред. Сп. Г. П. Христов, Революционната борба. . ., 18—19.

[28] Освободителната борба. . ., 76.

[29] Точенъ списъкъ на политическитѣ затвореници въ битолския затворъ, в. Право, II/29(37), София, 6 септемврий 1902 г., 2. Според Кљашева биле убиени „двајца другари"„ (Освоб. борба. . ., 76). Меѓутоа нема потврда на овој податок.

[30] Освободителната борба. . ., 76. Според Силјанова, веќе било утврдено дека Коте „влегол во сомнителни врски со грчкиот владика во Костур" (Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македонија, т. I., 139). Поопширно за случајот со Коте Христов види: Д. Димески, Делчевата мисија во Костурско и Леринско, зб. Г. Делчев, Скопје, 1973, 200—201.

[31] Според еден напис во в. Право, четата се состоела од 8 души (Сблъскване въ Леринско, в. Право, органъ на Македоно-одринискитѣ интереси, бр. 15 (23), София, 31 май 1902 г., 3); Според Лозанчева, четата броела 13 души (Спомени на Ан. Лозанчев, Архив на ИНИ, сл. IV/84, 12).

Во секој случај бројноста на четата се движела меѓу споменативе две бројки.

од населението[32]. Меѓутоа, веќе било доцна. На 1 јуни 1902 година во с. Трсје пристигнала нова турска потера[33].

Оваа турска акција не била случајна. Таа била грижливо планирана. Власта во Лерин решила најрационално да го искористи Гелевиот случај со преземање безоружителна акција во с. Трсје. Притоа се базирала на списокот пронајден во Гелевата чанта[34].

Акцијата на турската потера во Трсје започнала во празничното претпладне со врзување на сите присутни селани во селската црква[35]. Во ова време во селото се одржувале две свадби. Меѓутоа, турската потера драстично ги прекинала[36]. Веднаш потоа потерата ја започнала рацијата по селските куќи што биле одбележани во Гелевиот список[37].

[32] По Трсјенската провала, Геле (заедно со ќерка си и жена си) се криел во костурското село Кономлади, а еве зошто: „Тој уште, додека беше Марко жив, му откажуваше на последниот да му даде сметки за парите кои му биле дадени за купување пушки. Затоа Марко. откако беше дознал дека Геле сака да бега во Грција, ни беше пишал да не го пропуштаме. Ние сега, кога го најдовме, рековме да се послужиме со него за да се ослободиме од Коте. Но наместо тоа тој се здружи со Коте. Тоа беше на 2 август (ст. стил, м. б) 1902 година". (Освободителната борба. . ., 81).

[33] Недела .19 мај ст. стил 1902 година. Сп. Освободителната борба въ Костурско. . ., 76 ;Изъ революционната борба, Леринско, В. Реформи, IV/19, София, 2 юний 1902 г., 2-3; Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония. . ., 139; В. Стојанчевиќ. Оружени акции на македонскиот комитет (ВМРО) во предилинденскиот период (1900—1902 г.), зб. Илинден, ИНИ, Скопје, 1970, 182, ф. 35; Кон ова датирање посредно се надоврзува Г. де Бунсен во својот извештај од 8 јуни 1902 година (PRO FO 78/5192).

Споменатиов настан во весниците Дело и Право е датиран на 17/30 мај 1902 година (Вѣсти и бѣлѣшки, в. Дело, I/21, София, 2 юний 1902 г., 3; Сблъскване въ Леринско, в. Право, 15 (23), София, 31 май 1902, 3. Меѓутоа во друг, подоцнежен број на в. Право е извршена корекција во датирањето. Настанот е датиран околу 20 мај ст. стил (По аферата въ с. Търсие (Леринско), в. Право, 18(26), Софија, 21 юний (1902,3). Во Мемоарот е прифатен датумот 17 мај ст. стил (Сп.Македония и Одринско 1893—1903), Мемоаръ на Вѫтрѣшната организацијя, 1904, 65). Хр. Андоновски погрешно го датира споменатиов настан на 20 мај 1901 година! Можно е да се работи за печатна грешка. Сп. Хр. Андоновски, Отец Герасим ов Леринско, сп. Културен живот, XII/4, Скопје, 1967, 22.

[34] Освободителната борба въ Костурско. . ., 76.

[35] Постојат неколку верзии за овој настан. Види: Освободителната борба. . ., 76—77; Хр. Силяновъ, Писма и изповеди. . ., 157—159; Хр. Силяновъ, Освоб. борби. . ., 139; Македония и Одринско. . .., 65; Изъ революционната борба, Леринско, в. Реформи, IV/19, София, 2 юний 1902, 2-3; Вѣсти и бѣлѣшки, Битоля, 22 май 1902, в. Дело, I/21, София, 2 юний 1902,3; Сблъскване въ с. Търсие (Леринско), в. Прав , 15 (23), София, 31 май 1902,3; Lettres de Turquie, в. Право, 17 (25), София, 14 юний 1902, 1; По аферата въ с. Търсие, в. Право, 18 (26), 21 юний 1902, 3-4; Спомени на Ан. Лозанчев, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV/84, 12; А. Динев, op. cit., 193; И. Јордановски, Големата афера во Леринско, в. Н. Македонија, г. XXVI/8456 и бр. 8457, Скопје, 6 и 7.VIII.1970, 8.

[36] Според Кљашева, Турците го фатиле едниот зет, а другиот успеал да избега. Невестите останале дома невенчани. Сп. Освободителната борба. . ., 77.

Меѓутоа, Бунсен известува дека четата на М. Лерински била изненадена во моментот кога била свадба во с. Трсје (PRO Fo 78/5192).

Самиот факт што свадбите се одржувале во недела придонесуваа за точното датирање на настанот (Cf. ф. 33).

[37] Според еден напис во в. Реформи, потерата ја сочинувале 50—60 души (Из револ юционната борба, Леринско, в. Реформи, IV/19, София, 2 юний 1902, 2). Според Силјанова, потерата имала 80—100 души (Хр. Силянов, Писма. . ., 158). Меѓутоа, според напис во в. Дело, потерата имала 150 души заптии и аскер (Вѣсти и бѣлѣшки, Битоля 22 май 1902, в. Дело, I/21, София, 2 юний 1902, 3).

Штом Турците се доближиле до една од трите куќи во кои биле сместени револуционерите судирот станал неминовен. Во моментот кога Турците почнале да ја кршат влезната врата, ги дочекале истрели[38]. Така започнал првиот судир помеѓу револуционерна чета и турски аскер во Леринско[39].

Во неколкучасовната престрелка револуционерите успеале да ги одбијат турските атаки и да ја задржат потерата на одредено растојание[40]. Во меѓувреме Турците го блокирале местото на судирот и побарале засилување од Лерин[41]. Револуционерите, пак, ја повикале на помош костурската чета[42].

Положбата на револуционерите станала уште потешка кога Турците решиле да ги потпалат куќите.[43] Меѓутоа, заврнал силен град, кој за извесно време го одложил реализирањето на нивниот пеколен план[44]. Поради невремето блокадата попуштила. Дел од заптиите и аскерите се засолнале во селската црква. Тоа го искористиле револуционерите од првата куќа: најпрво се провлекле низ прозорецот на куќата, потоа низ друга куќа и „по еден трап, прикривани од жените" излегле над село[45]. Нивната ненадејна стрелба во турскиот грб им овозможила на останатите нивни другари да се извлечат од турскиот обрач. Во тоа време броен турски аскер пристигал од Лерин[46].

Така, четата на М. Лерински успешно го преживеала своето борбено крштевање. Во борбата посебно се истакнал Дине Кљусов[47].

---

[38] „Ние веќе, затворени во три куќи, чекавме да нè нападнат. Наближаа Турци те, ја кршат вратата. Турците не знаеја дека сме внатре,а просто, по список знаеја дека во таа куќа има пушки. Отворивме оган од сите куќи". (Ослободителната борба..., 76).

За случаен судир пишуваат и Хр. Силянов и Г. П. Христов. Сп. Хр. Силяновъ, Писма. . ., 158; Къмъ борбите въ Югозападна Македония, По спомени на Л. Джеровъ, Г. П. Христовъ, А, Андреевъ, Г. Папанчевъ и Л. Димитровъ, МНИ, кн. IV, София, 1926, 38.

Меѓутоа, според еден напис во в. Право (Сблъскване въ Леринско, в. Право, 15/23/, София, 31. май 1902, 3), четата била предадена од некој шпиун. Истово гледиште е застапено и во Мемоарот (Мак. и Одрин., 65).

[39] Хр. Силяановъ , Idem; Хр. Андоновски, Отец Герасим во Леринско. . . , 22.

[40] Хр. Силяаовъ, Idem, 158.

[41] Освободителната борба. . . , 76.

[42] „И нашата (костурската ,м. б.) чета беше собрала откај Турје околу 50 души и идеше на помош" (Ослободителната борба. . . , 76).

[43] Ibidem.

[44] Изъ революционната борба, Леринско, в. Реформи, IV/19, София, 2 юний, 1902 ,2.

[45] Освоботителната борба. ... , 76; Хр. Силяновъ, op. cit., 139.

Меѓутоа, според споменатиот напис во в. Реформи, револуционирите го продупчиле задниот ѕид на куќата. Сп. Изъ революционната борба, в. Реформи, IV/19, София, 2 юний 1902, 2; Ова гледиште е застапено и во в. Право. Сп. Lettres de Turquie, в. Право, 17, (25), София, 14 юний 1902, 1.

И според Г. де Бунсен бил инсцениран собир на селаните со што им се овозможило на револуционерите „да побегнат" (PRO FO 78/5192).

[46] Освободителната борба. . . , 76.

[47] За тоа Д. Кљусов бил јавно пофален. Сп. в. Трифоновъ, Себеотиcанието на македонския четникъ (Изъ революционарното Леринско), Илюстрация Илинденъ[5] XI/8 (108), София, 1939, 10.

Во Трсјенскиот судир Турците имале десетина мртви и 2—3 ранети[48], а револуционерите се извлекле без загуби. Единствено полесно бил ранет костурскиот раководител Васил Чакаларов[49].

Малата Трсјенска победа била само ситна компензација за она што го снашло с. Трсје и Леринско.

Населението во ова високо планинско село било подвргнато на страшна тортура[50]. Покрај тоа, во Лерин биле одведени 118 Трсјани[51]. Таму биле ужасно мачени. При мачењето посебно се истакнал леринскиот кајмакам[52]. Имало селани, како кметот Доне, кои и покрај невидената тортура не признавале дека имаат пушки поради што и порано ги ослободиле[53]. Меѓутоа, многумина не издржале и го предале оружјето[54]. Така, во турски раце паднало скоро сето трсјенско оружје[55]. Власта ликувала.

---

[48] Според написот во в. Реформи биле убиени 5 Турци. (Из революционнат а борба, Леринско, в. Реформи, IV/19, София, 2 юний 1902, 2); Според написот во в. Дело, биле убиени 7 Турци. (Вѣсти и бѣлѣшки, в. Дело, I/21, София, 2 юний 1902,3). Покрај тоа, во гореспоменативе написи е изнесен и податокот дека револуционерите им го зеле оружјето на убиените непријатели. Меѓутоа, тешко е прифатлив, особено кога се знае дека револуционерите ги оставиле и своите гуњи. Сп. Освободителната борба. . . , 76.

Најпрво Силјанов пишува дека биле убиени 8 Турци, а ранети 2—3 (Хр. Силяновъ, Писма. . . , 158). Меѓутоа, подоцна се коригира и пишува за десетина убиени војници (Хр. Силяновъ, Освободителните борби. . . , 139). Во в. Право (Сблъскване въ Леринско, в. Право, 15/23), София, 31 май 1902,3) се говори за 10 убиени Турци. Меѓутоа, според П. Кљашев, загинале 12 Турци. (Освободителната борба. . . , 76).

[49] Чакаларов бил ранет во раката. Сп. Хр. Силяновъ, Писма и изсповѣди. . . , 158.

Не е точна верзијата на Лозанчева дека во борбата учествувала селската мили. ција и дека загинал еден четник. Сп. Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис, Архив на Институтот за национална историја, Скопје, сл. IV/84, 12.

[50] „Имало тепања, залевања со врела вода, горење на човечки тела со нажежени железа, освестување на премрени луѓе за да бидат подложени на нови маки, додека признаат дека имаа пушки и ги предадат на власта" (Хр. Силяновъ, Писма и изсповѣди. . . , 166).

С. Трсје било „едно од најдобро организираните и беспорно највооруженото село во Леринско" (Хр. Силянов, Idem, 159). Трсјани како бичкиции во Грција купувале оружје, го пренесувале и продавале по цело Костурско и Леринско. До Трсјенската провала имале во своето село околу 120 пушки (Освободителната борба. . . , 69). Овој податок го прифатил и Лозанчев (Спомени. . . , 12). Меѓутоа, според Силјанова, во селото имало околу 200 пушки (Хр. Силяновъ, Idem, 159).

[51] По аферата въ с. Тъсие (Леринско), в. Право, 18 (26), София, 21 юний 1902, 3; Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 65.

Според Кљашева биле одведени 120 Трсјани (Освободителната борба. . . , 76—77). Ова гледиште го делат Силјанов и Динев. Сп. Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония. . . , 139; А. Динев, op. cit., 193.

Меѓутоа, според в. Реформи (Изъ революционната борба, Леринско, в. Реформи, IV/19, София, 21 юний 1902, 2) биле одведени околу 70 селани.

[52] Изъ революционната борба, в. Реформи, IV/19. . . , 2—3.

[53] Освободителната борба..., 77; Хр. Силяновъ, Освобидителнитѣ борби..., 139.

[54] Според в. Дело, во леринскиот затвор тројца селани подлегнале на мачењата (Вѣсти и бѣлѣшки, Солунъ, 2 юний 1902, в. Дело, I/22, София, 9 юний 1902, 2).

Меѓутоа, нема потврда на овој податок.

[55] Постојат различни податоци за бројноста на оружјето што паднало во турски раце. Така, според Г. де Бунсен, биле пронајдени околу 60 пушки. (PRO FO 78/ 5192). Според Кљашева, биле предадени околу 90 пушки. (Освободитлната борба. . . , 77). Меѓутоа, според Силјанова и Динева, биле запленети 120 пушки. Сп. Хр. Силяновъ, Освоб. борби. . . , 139; А. Динев, op. cit., 193.

Се чини дека е најреален податокот на Кљашева.

Трсјенските жени отишле во Битола да се жалат кај валијата. Меѓутоа, стигнала наредба да бидат истерани од градот за да не се дознаат репресалиите на власта. Но веќе било доцна. Веста за тоа стигнала до странските конзули[56].

Во битолскот затвор биле префрлени 30 души, а другите биле ослободени[57]. Во битолскиот затвор меѓу другите, биле затворени:

3. Танас Гелев, 41-годишен, затворен на 19.V/1.VI н. ст. 1902г[58].
4. Јован Митрев, 60-годишен, затворен истиот ден[59],
5. Коце Филипов, 34-годишен, затворен на 20.V/2.VI н.ст. 1902 г.,
6. Спиро Попов, 30-годишен, затворен истиот ден,
7. Коле Фотов, 50-годишен, затворен истиот ден,
8. Јане Пејов, 60-годишен, затворен истиот ден,
9. Доне Георгиев, 48-годишен, затворен истиот ден,
10. Ване Христов, 20-годишен, затворен истиот ден[60],
11. Коле Јанев, 60-годишен, затворен истиот ден[61],
12. Филип Грозданов, 66-годишен, затворен на 27.V/9.VI н.ст.1902г.
13. Митре Ристов, 30-годишен, затворен истиот ден[62],
14. Петре Динев, 28-годишен, затворен на 9/22.VI.н.ст. 1902г.,
15. Јоте Петрев, 30-годишен, затворен истиот ден[63].

Едновремено со апсењата во с. Трсје биле извршени претреси и апсења во селото Буф. Од ова село биле затворени 30 души. Од нив, 10 биле дадени на суд, а другите биле ослободени[64].

Трсјенската провала не се ограничила само на овие две села. Таа претставувала сигнал за преземање обезоружителна акција од покрупни размери. Во тоа, пред сè, се огледа нејзината вистинска тежина.

Власта презела систематска акција за прибирање на оружјето во леринските села. За таа цел бројни турски потери се распрснале по леринските села. Започнале претреси и апсења. Притоа на селаните им биле дадени рокови за предавање на оружјето[65]. Најмногу

---

[56] Вѣсти и бѣлѣшки, Солунъ, 2 юний 1902, в. Дело, I/22, София, 9 юний 1902, 2.

[57] Споменативе „30 души биле подведени под суд". (Македония и Одринско, Мемоар. . ., 65).

За 30 затвореници јавува и Г. де Бунсен. Сп. Mr. de Bunsen to the Marquess of Lansdowne, No 307, PRO FO 78/5192.

[58] Точенъ списъкъ на политическитѣ затвореници въ битолския затворъ, в. Право, г. II/29 (37), София, 6 септемврий 1902, 2.

Постојат индиции дека Г. П. Христов го испратил од битолскиот затвор споменатиов список по таен канал во Софија.

[59] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/30 (38), София, 15 септемврий 1902, 2.

[60] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/29 (37), 2.

[61] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/30 (38), 2.

[62] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/29 (37), 2.

[63] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/30 (38) 2.

Споменавме 15 од вкупно 30 Трсјани на кои им било судено во врска со Трсјенската провала. Имината на другите 15 лица се непознати.

[64] Lettres de Turquje, в. Право, 17 (25), София, 14 юний 1902, 1; По аферата въ с. Търсие (Леринско), в. Право, 18 (26), София, 21 юний 1902, 3; Македония и Одринско, Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 65.

[65] Леринско, в. Реформи, IV/22, София, 22 юний 1902, 2,

настрадале селата: Арменско, Петрско, Екшису, Церово, Зелениче, Ајтос и Суровичево[66].

Во битолскиот затвор биле затворени:

1. Геор. Димитров од с. Арменско, 45-годишен, затворен на 23.V/4.VI н. ст. 1902 г., осуден на 3 години;

2. Андон Видов од с. Арменско, 60-годишен, затворен истиот ден, осуден на 3 години;

3. Ристе Стефов од с. Арменско, 40-годишен, затворен истиот ден и осуден на иста казна;

4. Танас Шека од с. Горничево, 65-годишен, затворен на 27.V/9.VI.1902 г.;

5. Павле Лозанов, од с. Церово, 34-тодишен, затворен на 28.V./10.VI.1902 г.[67];

6. Алексо Фотев од Суровичево, затворен на 9/22 јуни 1902 година[68].

Трсјенската провала силно ја затресла организационата мрежа во Леринско. Репресалиите, апсењата, пресудите, како и запленетите пушки се нејзин видлив резултат[69]. Меѓутоа, многу потешка била деморализацијата што го опфатила населението во Леринско. Поради тоа постоела реална опасност од тотално обезоружување на обесправеното население и со тоа фрлање на ТМОРО на колена. Затоа Марко Лерински решил да преземе мерки за спречување на натамошното предавање на оружјето и за подигање моралот на населението[70].

Првата негова акција била насочена кон ликвидирање на предавниците по селата. За таа цел се обрнал до Окружниот комитет во Битола со молба да заземе конечен став спрема случајот на Стефан П. Петров од Ексишу[71]. Оттаму му било сугерирано да го испита по-

[66] Македония и Одринско, Мемоаръ. . . , 65.

Според в. Реформи, многумина селани избегале в планина. „Само од с. Баница избегале повеќе од 40 души. Така, леринските планини се полни со вооружени селани" (Леринско, Реформи, IV/22. . . , 2).

[67] Точенъ списъкъ. . . , в. Право, II/30 (38), София, 15 септемврий 1902, 2.

[68] Обитателитѣ на Битолския затворъ, в. Право, II/24 (32), София, 27 юлий 1902, 4.

[69] Бројката од 580 запленети пушки непосредно по Трсјанската провала што ја изнесува Лозанчев е преувеличена (Спомени на Ан. Лозанчев. . . , 12).

[70] „На Марко многу лошо му се одрази таа несреќа; тоа го еметаше за свој, срам, беше го фатила меланхолија, очај, беше се изменил и се токмеше да одмаздува, да гори турски села, да го нападне Лерин, готов да загине, но да ја измие таа дамка на својот реон" (Освободителната борба. . . , 77). Оваа оценка на Кљашева ја акцептира Хр. Силјанов (Хр. Силановъ, Освоб. борби на Македония, т. I, 139). Иако содржи извесна доза на вистина, споменатава оценка на Кљашева е претерана.

Многу пореално е гледиштето на Лозанчев. Според него, Марко „бараше начин да го востанови својот престиж во Леринско. Тој сакаше да сврши најнапред со предавниците и после да се реваншира некако спрема власта" (Спомени на Ан. Лозчнчев, сл. IV/84. . . , 12).

[71] М. Лерински подолго време се сомневал дека Стефан Петров со некојси „Мравката" од Екшису — предавале. „Многу пати ни пиша во Битола, но најмногу поради нашите врски со братот на Стефана-Сребрен го одлагавме разгледувањето на тоа прашање. Возбуден од станатото во Трсје и предавањето на пушките по селата, тој побара најнастојчиво од нас да се ликвидира со тоа прашање". (Спомени на Ан. Лозанчев. . . , сл. IV/84, 12).

Шефот на станицата Екшису, битолчанец-гркоман, изјаил дека споменатите двајца го терале да телеграфира во Суровичево секогаш кога четата била во Екшису

дробно случајот во самото село и за резултатот да го извести Окружниот комитет. Меѓутоа, паралелно со оваа сугестија му стигнала белешка од Даме Груев во која императивно било назначено „да не презема ништо во Екшису и да го остави селото"[72]. Поради ваквиот дуализам во наредбите М. Лерински повеќе не го консултирал Окружниот комитет за своите постапки[73].

Во првата половина на јуни 1902 година, во пателските лозја бил извршен обид за убиство на еден турски ќаја[74]. Притоа, животот го загубил Кице Алипашов од Екшису[75]. Неговиот соборец Стефо Попов од Неокази успеал да се извлече од канџите на турската потера[76]. Споменатиов атантат го планирал Христо Силјанов[77].

Провалата во с. Пателе[78] е неразделно сврзана за Трсјенската провала. Неуспешниот атентат во пателските лозја ѝ послужил на турската власт како одличен повод за финализирање на започнатата обез-

---

[72] Лозанчев од името на Окружниот комитет му приговорил на Дамета: „'Секогаш сме готови да ги послушаме твоите совети, но такви слободи нема да трпиме· Те држиме за одговорен за последиците од станатото. . .', По неволја тој се согласи› но нашите односи, ладни дотогаш, се влошија уште повеќе. Но факт е дека тој не направи слични постапки без наше посредство". За тоа придонесло и неговото скорешно заточение во Подрум Кале. (Спомени на Ан. Лозанчев, Архив на ИНИ, Скопје, сл. IV. 84, 13).

[73] Сп. спомени на Ан. Лозанчев, ракопис. . ., сл. IV. 84, 13.

[74] За овој настан види: Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 159—160, 164—166; Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. I, 140; Lettres de Turquie, в. Право, II/19 (27). София, 18 юний 1902, 1; Кърваво сблъскваніе въ Леринско, в. Право, 19 (27), 4. Податоците во верзијата публикувана во в. Реформи се хиперболизирани. Сп. Леринско, в. Реформи, IV/22, София, 22 юний 1902, 2.

[75] Кице Алипашов бил селски полјак во Екшису. Во четата на Марко Лерински дошол со тешка рана на стомакот по убиството на турски полјак. Бил помошник на Силјанов во втората леринска чета. Нему и на Стефо Попов, Силјанов им го доверил атентатот на турскиот ќаја од Пателе. Притоа, Кице го загубил својот млад живот. Неговата глава Турците ја однесле во Суровичево како трофеј. Во ова време, Силјанов со четата бил во Добровенско. Сп. Хр. Силяновъ, Писма. . ., 42, 159—166

[76] Потерата ја сочинувале заптиите од Пателе и аскерот од Суровичево. Сп. Хр. Силяновъ, Писма и изсповъди.. ., 165.

[77] Околискиот к-т. на ТМОРО во Лерин ја прифатил сугестијата на Силјанова за ликвидирање на ќајата од Пателе. Споменатиов ќаја вршел истрага и им се заканувал на селаните од Пателе. Сп. Хр. Силяновъ, Писма. . .., 159.

Ангел Динев понесен од својата омраза кон Силјанова кого го карактеризира како„внатрешен врховист", отишол предалеку во својата жолчна критика на оваа постапка на Силјанова. Сп. А. Динев, op. cit., 194—195.

[78] За оваа провала види; Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 65—66; Хр. Силянов, Писма. . ., 167—173; Хр. Силяновъ, Освоб. борби. . ., 139—141; Извештаи на М. Готје (француски вицеконзул во Битола) од 30 јуни и 3 јули 1902 година упатени до Констан (француски амбасадор во Цариград), Архив на Македонија, Dbl. M—182/1—983; Извештај на Г. Писурика (почесен драгоман во Битола) од 27 јули 1902 г. до А. Билиоти (британски генерален конзул во Солун) PRo Fo 78/5192; Аферата въ с. Пателе, в. Дело, I/25—26, София, 8 юлий 1902, 2; Крваво сблъскваніе въ с. Пателе, в. Право, II/20 и 21 (28—29), София, 7 юлий 1902, 3; Изъ революционната борба, Битолско, в. Реформи, IV/23, София, 28 юний 1902, 2; Сидеръ, Възстанието въ Леринско, Битоля, 27 юний 1902, в. Вечерна поща, III/397, София, 2 юлий 1902, 3; Спомени на Ан. Лозанчев ,ракопис. . ., IV. 84, 13; А. Динев, op. cit., 195—6; И Јордановски, Афера и во Пателе, в. Нова Македонија, XXVI/8457—8, 7, 8.VIII. 1970 година.

оружителна акција[79]. Оттаму резултира претресот во с. Пателе и запленувањето на шеесетина пушки[80]. Меѓутоа, во с. Пателе, за разлика од Трсје, оружјето било доброволно предадено. Со тоа населението од Пателе ги одбегнало репресалиите[81]. Тогаш селото Пателе имало 285 куќи и 1400 жители[82].

Доброволното предавање на оружјето претставувало опасен преседан кој можел да ги зарази другите лерински села. Затоа Марко Лерински решил во корен да ја задуши оваа појава со казнување на малодушните членови на Организацијата во с. Пателе[83].

За таа цел, М. Лерински мобилизирал стотина милиционери по селата.[84] Така, на 26 јуни 1902 година (четврток), извршил мобилизација на с. милиција во селата Баница, Церово и Горничево[85]. Непо-

---

[79] Cf. Ф. 65. Според Дело (Афера въ с. Пателе, В. Дело, I (25—26, 8 юлий 1902) на с. Пателе му бил даден 15 дневен рок за предавање на оружјето. И според в. Реформи, по Трсјенската провала на с. Пателе му бил даден рок за предавање на оружјето (В. Реформи, IV/22, 1902, 2).

[80] (Турски званичен извештај). Mr. de Bunsen to the Marques of Lansdowne, № 359, inclosure in № 1, M. Pissurica to consul General Sir A. Biliotti, Monastir le 27 juillet 1902, PRO FO 78/5192.

Меѓутоа, според написот во в. Право (Кърваво сблскване в Леринско, в. Право, II/19 (27), София, 28 юний 1902, 4), во Пателе биле запленети десетина пушки. Ова гледиште е прифатено и во Мемоарот (Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 65). Според Силјанова, биле запленети стотина пушки (Хр. Силяновъ, Освобод. борби. ., 139—140). И според Лозанчева биле предадени доста пушки (Сп. Спомени на Лозанчев, ракопис. . . 13). Во врска со неуспешниот атентат, според Кљашева, „во Пателе и по околните села околу 300 пушки се предадоа" (Освободителната борба. ., 77). Ова становиште на Кљашева е тешко прифатливо.

[81] Изгледа, сепак, дека неколку селани го искусиле турскиот гнев (Сп. Кърваво облъскване, в. Право, 19(27), 4).

На 27. V/9 јуни н. ст. 1902 г., според в. Дело, биле уапсени во *с. Пашеке* свештеникот со 8 души видни селани . Сп. Вѣсти и бѣлѣшки, Солунъ, 2 юний 1902, в. Дело I/22, София, 9 юний 1902, 2.

Изгледа дека е во прашање печатна грешка и дека станува збор за с. Пателе.

[82] Mr. Pissurica to Consul General Sir A. Billioti, Monastir, le 27 juillet 1902, PRO FO 78/5192 Според Писурика, 9/10 од жителите на Пателе биле егзархисти, а другите патријаршисти. Овој податок на Писурика фрапира поради фактот што во 1897 год. соодносот помеѓу егзархиското и патријаршиското население во с. Пателе бил речиси еднаков.

Сп. Хр. Андонов Полјански, Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает од 1897 г., Годишен зборник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1969, т. 21, 18; Т. Томоски, Населението во Битолскиот санџак во 1897 год. според статистичкиот преглед на австроунгарскиот вицеконзул А. Крал, сп. Историја, V/I, Скопје, 1969, 64.

[83] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 167—168; Хр. Силяновъ, Осбов. борби, 140; Македония и Одринско, Мемоаръ, 65; Освободителната борба. . ., 77; Спомени на АН. Лозанчев, сл. IV, 84, 13.

Меѓутоа, според Г. П. Христов, М. Лерински дознал дека гркоманите од селата Пателе и Горничево му ветиле на мудурот во Суровичево дека ќе ја издадат четата М. Лерински. Поради тоа Марко решил да ги казни гркоманите во Пателе (Къмъ борбитѣ. . ., 38).

Ова гледиште на Христова е тешко прифатливо.

[84] Хр. Силяновъ, Писма. . ., 167; В. Трифоновъ, Себестрицанието. . ., 10.

[85] Во Баница мобилизирал 19, а во останатите 2 села 24 души. Сп. M. Gauthier, vice consul de France à Monastir à M. Constans, ambassadeur de France a Constantinople, № 8/30 juin 1902, Архив на Македонија, Dbl. M—182/1—981.

средно пред своето пристигање во Пателе, М. Лерински оставил во с. Екшису резерва составена од милиционери на чело со Дине Кљусов[86].

На 27 јуни 1902 година (петок) четата на М. Лерински влегла во с. Пателе[87]. Притоа, таа броела 60-тина души[88]. Штом дознале за пристигањето на Марко, 19-мина селани, повеќето патријаршисти, го напуштиле Пателе[89]. Притоа тие избегале во Суровичево[90]. И покрај предупредувањата дека се предадени, Марко „ги распределува своите луѓе по маала, ги реди имињата на оние, кои треба да се фатат, заповедува да се донесе петролеј со кој ќе се потпалат куќите на главните виновници. И чека да настапи ноќта за да ја осветли со пламените. . "[91] Меѓутоа, ненадејната турска блокада на Пателе го отрезнила Марко и го спречила реализирањето на неговиот план[92]. Во петокот навечер селото било опколено од 850 турски војници од три родови војска: пешадија, коњица и една батерија ридска артилерија. Покрај тоа во нивна придружба се наоѓал броен башибозук од околните села[93].

---

[86] В. Трифоновъ, Себеотрицанието на македонския четникъ, Ил. Илинденъ, XI/8(108), София, 1939, 10.

[87] 14 јуни ст. стил 1902 година. Сп. Хр.. Силяновъ, Писма и изповѣди.., 167, 172; На два фронта, в. Дело, I/24, София, 25 юни 1902, 2; Аферата въ с. Пателе, в. Дело, I/25—26, София, 8 юлии 1902, 2; Lettres de Turquie, в. Право, 19 (27), 1; Кърваво сблъскване въ Леринско, в. Право, II/19 (27), София, 28 юний 1902, 4; В. Трифоновъ, Себеотрицанието. . .,10.

Меѓутоа, во еден подоцнежен број на в. Право датирањето е поместено за еден ден. Збор станува за 13/26 јуни н. ст. 1902 г. Сп. По кървавото сблъскване въ с. Пателе, в. Право, II/20—29), София, 7 юний 1902, 3. Според Г. П. Христов, настанот се одиграл на 6 јули (ст. стил) 1902. Сп. Към борбитѣ. . ., 38. Во Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 65—66) настанот е датиран на 13 јули ст. стил. Ова датирање го прифаќа и Динев. (А. Динев, op. cit., 195). За м. јули пишува и И. Јордановски. (Сп. И. Јордановски, Афера и во Пателе, в. Н. Македонија, XXV/8457, Скопје, 7. 8. 1970 г.); И. Јордановски, Подвигот на Д. Абдураманов, сп. Македонија. XX/239, Скопје, март 1973 г.). Погрешно е датирањето и на В. Стојанчевиќ — на 20. V. 1902 г. (Сп. В. Стојанчевиќ, Оружени акции. . ., 182, ф. 35). Сосем е погрешно датирањето на овој настан на 3 мај 1903 г. (Сп. Д. Зографски, Ѓ. Абаџиев, А. Митрев и М. Керамидчиев, Егејска Македонија во нашата национална историја, Скопје, 1951, 206).

Не е точно тврдењето на Н. Киров Мајски дека провалата во Пателе изникнала „во врска со проектираното од полковник Јанков востание во Леринско и Костурско". Сп. Н. Кировъ Майски, Леринско въ моитѣ спомени и прѣживелици прѣзъ учебнитѣ 1902/3 и 1905/6, София, 1943, Архив на ИНИ, сл. IV. 112, 6.

[88] M. Gauthier vice consul de France à Monastir à M. Constans, ambassaderse de France à Constantinople, (Извештаи од 30 јуни и 3 јули 1902), Архив на Македонија, M—182.

Меѓутоа, според в. Дело, четата имала повеќе од 40 души. (На два фронта, в. Дело, I/24, София, 25 юний 1902, 2). Според Г. П. Христов, четата имала 50 души. (Към борбитѣ. . ., 38). Според в. Право, четата броела 53 души (По кървавото сблъскване въ с. Пателе, в. Право, II/20—21 (28—29), София, 7 юний 1902, 3). Според Силјанова, четата имала околу 70 души (Сп. Хр. Силяновъ, Осв. борби. . ., 140).

[89] Извештај на Писурика од 27 јули 1902 (PRO FO 78/5192).

[90] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 168.

[91] Ibidem.

[92] М. Лерински бил потполно свесен за евентуален судир со заптиите во селото Поради тоа и ја мобилизирал селската милиција во околните села. Меѓутоа, не се надевал дека за толку кратко време ќе биде опколен од поголема воена сила.

[93] Сп. По кървавото сблъскване въ с. Пателе, в. Право, II/20—21 (28—29), 3.

Според Готје, во судирот учествувале најмалку 500 војници. Сп. Извештај на Готје од 3 јули 1902, Архив на Македонија, микрофилм, M—182.

Блокадата не била случајна. Таа била резултат на повеќестрано предавство[94].

Заплашеното население на Пателе се засолнало, главно, во кулата на М. Сарапата и во 5 големи камени куќи на с. Пателе[95].

Во ноќта спроти саботата главнината на четата под водството на дедо Андреја успеала со борба да ја пробие блокадата и да го напушти селото[96]. При пробивот загинал Марко Лерински[97].

Во саботата (28 јуни) Турците дознале за смртта на М. Лерински. Него го идентификувале неколкумина селани од Пателе, фатените милиционери, како и избегните пателчани во Суровичево[98]. Штом дознал за тоа, битолскиот валија веднаш телеграфирал во Цариград[99]. Наскоро потоа Марко бил погребан во Суровичево[100].

Меѓутоа, борбата продолжила уште три дена.

Турската радост поради ликвидирањето на М. Лерински била поматена од тридневното упорство на Марковиот четник Дине Абдураман[101]. Пателеецот Дине Абдураман се забарикадирал со фамилијата во својата куќа водејќи притоа тридневна нерамна борба со надмоќ-

---

Според написот во в. Право (Кърваво осблъскване въ Леринско, II/19/27/, София, 1902, 4), турската воена сила ја сочинувале 1. 500 луѓе, а според в. Дело (На два фронта, в. Дело. I/24, София, 1902, 2) — 2.000 души. Меѓутоа, според подоцнежен напис во в. Дело (Аферата въ с. Пжтеле, в. Дело, I/25—26, София, 8 юлий 1902,2), Пателе било опколено од 2—3 илјадна турска војска.

[94] Според в. Право, четата била согледана уште во с. Горничево и за тоа била известена власта во Лерин. Сп. По кървавото сблъскване, в. Право, II/20—21 (28—29), София, 7 юлий 1902, 3. Според Готје, четата ја забележале 12 заптии„надзорници на стражата на соседниот тунел на Пателе" (Извештај на Готје од 30 јуни 1902, Архив на Македонија, —М182).

Според Лозанчева, предавството станало уште од Екшису, (Спомени на Лозанчев, IV. 84, 13). Постои мислење дека предавството го извршиле пребеганите селани од Пателе во Суровичево. Сп. Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 168.

[95] Извештај на Писурика од 27 јули 1902 (PRO FO 78/5192).

[96] Според в. Право, 23 души предводени од Андреја се провлекле низ обрачот (По кървавото сблъскване въ с. Пжтеле, в. Право, II/20—21, 3). Меѓутоа, според Готје, само 15 мина избегале (Извештај на Готје од 3 јули, М—182).

[97] „На 15 јуни (28 н. ст., м. б) 1902 година, Марко не беше меѓу живите". В. Трифоновъ, Себеотрицанието. . ., 10; Хр. Силяновъ, Писма. . ., 169, 172—173.

[98] Хр. Силяновъ, Писма. . ., 169; Извештај на М. Готје од 30 јуни 1902, М—182.

[99] Извештај на М. Готје од 30 јуни 1902, —М182.

Според в. Право, на 16/29 јуни (недела) насекаде биле испратени официјални телеграми за смртта на Марко. Сп. По кървавото сблъскване въ с. Пжтеле, в. Право Пжтеле, в. Право, II/20-21. 3.

[100] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 173.

[101] Дине Абдураман од Пателе бил еден од најстарите членови на ТМОРО во Леринско. Во 1898 г., Л. Поп Трајков уредил со помош на Дине канал за купување и пренесување на пушки од Кајљарско. Една година подоцна Абдулраман бил назначен од Г. П. Христов за раководител на раководното тело на ТМОРО во Пателе. Дине и натаму тајно пренесувал пушки се до Иванчовата провала кога бил принуден да премине во илегалност. Оттогаш овој средовечен човек својата судбина ќе ја сврзи за четата на Марко Лерински. Сп. Освободителната борба. . ., 19; Г. П. Христов, Революционната борба во Битолския окръг. . ., София, 1953, 18; Хр. Силяновъ, Писма.39,

ната турска воена сила[102]. Турците имале намера да го фатат жив[103]. Со одминувањето на времето таа нивна намера полека гаснела. Диневата прецизна стрелба навреме ги запирала турските напади. Неговиот борбен дух не можеле да го поколебаат ни гранатите што паѓале околу неговата куќа. Тогаш командантот на блокадата Риза бег применил потполно нехумана тактика[104]. Четириесеттина мажи и жени, познати и блиски на Абдураман ги распределил во неколку групи од по 8—10 души. Во една од овие групи бил приклучен и свештеникот на Пателе. Овие групи требало да ѝ послужат на турската војска како бариера за безбедно приближување кон куќата на Абдураман. Меѓутоа, Дине не престанал со стрелбата поради што некои селани загинале[105].

Неколкудневната борба ја загрижила власта. Според францускиот вицеконзул во Битола, Готје, во понеделникот изутрина (30 јуни) од Битола за Пателе со воз отпатувале 50 турски војници за да ги засилат турските позиции[106]. Покрај тоа, битолскиот валија издал наредба да им се даде 24-часовен рок за предавање на „бунтовниците". Притоа валијата се заканил дека, доколку овој рок не биде почитуван, селото ќе биде уништено[107]. Меѓутоа, до тоа не дошло благодарение на привршувањето на Диневата муниција[108]. Притоа Абдураман нашол сили со последните куршуми да ги убие своите најблиски: жената, сестрата, ќерката и вујкото[109]. Потоа ја напуштил куќата и со јатаган в рака како јунак од античките драми јурнал кон непријателските редови. Залп куршуми го запрел неговиот животен од. Така загинал Дине Абдураман. Со својата беспримерна храброст „го изми срамот на своето село низ еден од најретките подвизи во македонската ослободи-

[102] Сп. Спомени на Ан. Лозанчев, сл. IV, 84, 13; Хр. Силяновъ, Писма. . ., 170; А. Динев, op. cit., 196.

Меѓутоа, според Г. П. Христов, Дине Абдураман заедно со неколку другари четири дена се борел со Турците (Към борбитѣ. . ., 38). Фрапира што Силјанов подоцна се коригира и пишува за четиридневен отпор на Абдурамана (Сп. Хр. Силяновъ, Освобод. борби. . ., 140).

[103] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 170; А. Динев, op. cit., 196.

[104] Извештај на Писурика од 27 јули 1902 г. (PRO FO 78/5192). Извештај на Сир Н'О Конор бр. 402 од 10 септември 1902 (PRO FO 78/5192).

[105] Извештај на Писурика (PRO FO 78/5192). По кървавото сблъскване въ Пѫтеле, В. Право, II/20—21, 3.

Меѓутоа, според в. Реформи, Турците терале пред себеси селани од околните села. Сп. Изъ революционната борба, Битолско, в. Реформи, IV/23, Софија, 28 юний 1902,2.

[106] M. Gauthier — à M. Constans, Monastiri le 30 juin 1902, M—182.

[107] Ibidem.

[108] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 171.

[109] Спомени на Ан. Лозанчев, ракопис, сл. IV. 84, 14; Хр. Силяновъ, Писма. . ., 171; В. Трифоновъ, Себеотрицанието. . ., 11; Аферата въ с. Пѫтеле, в. Дело, I/25—6, Софија 8 юлий 1902, 2.

Меѓутоа, според Писурика (PRO FO 78/5192), сестрата на Дине-Марија Георги и вујко му Јованче биле во групата со помош на која Турците се приближувале кон куќата на Абдураман. Притоа Дине ја убил сестра си и го ранил вујка си. Поради бескомпромисната стрелба на Абдураман загинале 5 мажи и една жена, а биле ранети тројца мажи и една жена од с. Пателе. Интересно е што ова гледиште за смртта на најблиските на Дине подоцна го прифатил и Хр. Силјанов. Сп. Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. 1, София, 1933, 140.

телна борба и воопшто во историјата на револуциите"[110]. Турците се стаписале пред неговиот хероизам. Еден јузбашија извикал: „Аферим бре Абдурахмане, ако бевте 100 души, битолскиот аскер малку ќе ви беше!"[111]

Со смртта на Д. Абдурахман бил скршен и последниот отпор. Затоа, на 1 јули 1902 година Турците ја дигнале блокадата на селото[112].

Во судирот кај Пателе од четата на М. Лерински загинале само војводата Марко и Дине Абдураман[113]. Покрај нив, загинале и неколку милиционери[114]. Неколкумина селани од Пателе биле убиени и ранети[115]. Извесен број милиционери паднал во рацете на Турците[116]. Турците имале 15 мртви, меѓу кои и еден јузбашија, како и голем број ранети[117].

Претставниците на битолските конзули и странските кореспонденти кои ја следеле борбата биле сведоци на турскиот вандализам[118]. Турците разрушиле со гранати 10 куќи[119]. Покрај тоа, ограбиле многу

---

[110] Хр. Силяновъ, Освободителните борби на Македония. . ., 140.

Не е точно дека Дине се самоубил. Сп. Д. Абдураманов, Отдѣл IX, т. XXI, ор. 77, обясн. т. стр. 11, Албумъ Алманахъ Македония, София, 1931; Д. Андураманов, Македонски возрожденци и револуционери, Албум, Скопје, 1950, 73.

[111] Сидеръ, Възстанието въ Леринско, Битоля, 27 юний 1902, в. Вечерна поща, III/397, София, 2 юлий 1902, 3.

Меѓутоа, според в. Право, турскиот бинбаша извикал пред аскерот: „Аферим бре Динка! Ако имаше уште десетина како тебе јунаци, мајче ќе ни расплачеше" (По кървавото сблъскание въ с. Пѫтеле, в. Право, II/20—1 София, 7 юлий 1902, 3).

[112] 18 јуни ст. стил 1902 г. (вторник). По кървавото сблъскване въ Пѫтеле, в. Право, II/20—21, 3.

[113] „Само две бојни жртви се дадоа кај Пателе, но и двете многу скапи. Илјади чинеше Марко, стотици чинеше Дине" (Спомени на Лозанчев., IV. 84, 14).

Меѓутоа, според Мемоарот загинале неколку четника. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ. . ., 66.

[114] Според в. Право, загинале 4—5 души. Покрај тоа се ширела веста дека четворица изгореле во една куќа. Сп. По кървавото сблъскване в Пателе, 3. Според в. Дело загинале 5—6 души. Сп. Афера. . ., в. Дело, I/25—26, 3. Според Готје, четворица биле убиени во борбата, а седуммина изгореле во куќите. Сп. Извештај на Готје од од 3 јули. . ., М—182.

Меѓутоа, според Сидера, биле убиени 25 четника. Сп. Сидеръ, Въстанието въ Леринско, в. Вечерна поща. . ., 3. Последниов податок е секако хиперболизиран.

[115] Cf. ф. 109 (Извештај на Писурика).

Според Готје, 11 селани биле убиени во метежот (Извештај на Готје од 3 јули 1902 Архив на Македонија, Скопје, микрофилм М—182). Според в. Дело биле убиени 4 а ранети 9 селани. Сп. Афера въ с. Пѫтеле, в Дело, I/25 — 26, 2. Меѓутоа, според Сидера, биле убиени 15 жени. Оваа бројка е секако преувеличена. Сп. Сидеръ, Възстанието. . .,3.

[116] Според в. Право, 14 души се предале, од кои 7—8 души без оружје (По кървавото сблъскване въ Пѫтеле, в. Право, II/20—21, 3). Меѓутоа, според Готје, 19 души се предале. Од нив, 13 го пробиле кордонот на трупите и го предале оружјето во Лерин. Покрај тоа, 18 души биле заробени и одведени во Лерин Сп. Извештаи на М. Готје од 30 јуни и 3 јули 1902, М—182.

[117] (Според турски извори). По кървавото сблъскване въ Леринско, в. Право II/20—21, 3.

[118] Сидеръ, Въстанието въ Леринско, в. Вечерна поща, III/397, 3.

[119] Аферата въ с. Пѫтеле, в. Дело, I/25—26, 2; По кървавото сблъскване въ Пѫтеле, в. Право II/20—21, 3; Македония и Одринско, Мемоаръ, 66; Сидеръ, Възстанието. . ., 3;

Меѓутоа, според Готје, биле уништени 11 куќи. Сп. Извештај на Готје од 3 јули 1902, Архив на Македонија, М—182.

куќи во селото, ја ограбиле и оскверниле селската црква[120]. Имало силувања и малтретирања на невиното население.[121] Телото на сестрата на Д. Абдураман, Марија Георги, го полеале со петролеј и го изгореле на селското сметиште[122].

Своето дело го финализирале со апсењето на 52 жители на с. Пателе во битолскиот затвор[123]. Нив ги обвиниле:

(*а*) *За нелојалност*:

1. Никола Стефанов
2. Трпан Пејов
3. Марко Поп Ноколов
4. Крсте Донев
5. Дине Георгиев
5. Дине Минчев*
6. Пандо Георгиев*
7. Тоше Поп Димитров
8. Петар Дамев
9. Мице Д. Поп Димитров
10. Минче Русев[124]

(*б*) *За криење на оружје*:

11. Поп Петар, 45 годишен, затворен на 14/27.6.1902 г.[125]
12. Поп Толе
13. Петар Љјаков
14. Петар Каленџиев
15. Георги Зоров
16. Ичо Шуперов
17. Стојан Најдов
18. Васил Пејов
19. Ташо Гулјов

---

[120] По кърваво о сблъскваниe въ с. Пжтеле, в Право, II/20—21 (28—29), 3 Аферата въ с. Пжтеле, в. Дело, I/25—26, 2.

[121] Изъ революционата борба, Битолско, в. Реформи, IV/23, София, 28 юний 1902, г., 2.

[122] Сидеръ, Въстанието въ Леринско, в. Вечерна поща, III/397, София, 2 юний 1902, 3; Аферата вь с. Пжтеле, I/25—26, 2.

Меѓутоа, погрешен е податокот во в. Право дека сестрата на Дине Абдураман била убиена од аскерите. Сп. По кървато сблъскване. . ., в. Право, II/20—21, 3.

[123] Обитателитѣ на битолския затворъ, в. Право, II/24 (32), София, 27 юлий 1902, 4.

Според Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 66), биле мачени 53 селани. Еден од нив подлегнал на мачењата, а остаdатите биле затворени.

Меѓутоа, според Сидера, биле затворени 135 души. Оваа бројка е преувеличена, Сп Сидеръ, Въстанието. . . 3

[124] Минче Русев бил подвргнат на тешка тортура. На 5 места бил удрен со нож, поради што подлегнал. Сп. Обитателитѣ. . .,4.

[125] Точенъ списъкъ. . , в. Право, II/30(38), 2.

---

* Личностите кои во натамошниот текст се означени со ѕвездичка, биле ослободени од обвинението и пуштени од затвор.

20. Крсте Гулјов
21. Минче Најчев
22. Алексо Посков
23. Алексо Х. Иванов
24. Дине Ницлев
25. Стефан Пејов
26. Митко Х. Николов
27. Никола Јанчев (овчар)
28. Христо Селков
29. Георги Зеринчев (овчар)
30. Тома Капиданов
31. Михаил Апчев
32. Тине Апчев
33. Стојче Јаноков
34. Лечо Стефанов
35. Дине Фортомаров
36. Панде Фортомаров
37. Стефан Олев[126]

(*в*) *За продажба на оружје*:

38. Тале Митанов
39. Ване Крстев
40. Мице Фортомаров
41. Пандил Тилев
42. Илија Данев
43. Георги Илиев
44. Дине Ванев
45. Иван Шишков
46. Мице Ичов
47. Коле Илиев
48. Мице Капиданов, 75-годишен[127].

Во времето на Марковото влегување во Пателе, втората леринска чета предводена од Христо Силјанов ги обиколувала селата на Нице Планина. Првата вест за тоа Хр. Силјанов ја добил на 15/28 јуни 1902 година од подоколискиот центар Воштарни.[128] Уште вечерта мобилизирал 40-тина селани од Сетино. Меѓутоа, алармантната вест за смртта

[126] Имињата на уште четворица обвинети за криење на оружје се непознати. Сп. Обитателитѣ на битолския затворъ. . ., 4.

[127] Овој старец бил префрлен во костурскиот затвор. Сп. Обитатлеитѣ на битолския затворъ, в. Право, II/24 (32), 4.

Според Мемоарот (Македония и Одринско. . ., 66), 10 мина биле обвинети за нелојалност, 31 за криење, а 11 за продажба на оружје. Поради ова, сосем е логичен заклучокот дека податоците во Мемоарот се базираат на гореспоменатиот напис во в. Право.

Овде е потребно да споменеме дека нешто порано, на 1/14 јуни 1902 г.,во битолскиот затвор бил префрлен Томе Минев, 25—годишен, веројатно во врска со атентатот во пателските лозја. Сп. Точенъ списъкъ в. Право, II/29 (37), 2.

[128] Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 172.

на Марко Лерински го спречила Силјанова да појде на помош. На 18 јуни/1 јули н. стил 1902 година Хр. Силјанов конечно се откажал од „планот за поход на Пателе"[129]. Меѓутоа, Силјанов не се откажал и од мислата за ненадеен удар на турската солдатеска. „На мене паѓаше сега да се осветам и за Трсје, и за Пателе, и за Марко. Хипнотизиран од таа мисла, попаднат во една состојба слична на Марковата по Трсјенската капитулација, јас поведов кон Попадиската Планина 25 вооружени луѓе од с. Сетино и устроив под врвот Барбеш заседа на еден башибозучки одред, кој на 19 јуни (2 јули н. ст., м.б.) враќајќи се од пателејската опсада кон Мариово, требаше да мине оттаму"[130]. Меѓутоа, наместо победа, Силјанов доживеал тежок пораз[131]. Предавството на Власите—Каракачани, борбената неинвентивност на Христо Силјанов, како и недисциплината и борбеното неискуство на Силјановите борци — довеле до овој пораз[132].

Борбата кај Попадија се одиграла во приквечерните часови на 2 јули 1902 година[133]. Во оваа краткотрајна трочасовна борба четата на Христо Силјанов, засилена со селската милиција, била тотално поразена[134].

Загинале шестмина и тоа: Крсте од Борешани, Ристо од Воштарани, селанчето Ристо, Коста од Неокази и уште двајца милиционери[135]. Трајан од Каленик со неколкумина милиционери се предал на на Турците[136].

По неочекуваната турска победа кај Попадија, власта во Леринско триумфирала.

Судирот кај Попадија придонел за продлабочување на Пателската провала.

Користејќи ја провалата во Пателе, османлиската власт решила да ја спроведе докрај обезружителната акција што ја презела по Трсјенската провала[137]. За таа цел биле повикани кметовите и поповите од другите лерински села. Притоа им било наредено да ги натераат

---

[129] Хр. Силяновъ, Idem, 173.

За време на судирот во Пателе, на два часа растојание од селото турски патроли бдееле над главните турски сили во Пателе. Сп. По кървавото облъскване въ Пжтеле, в. Право, II/20—21, 3.

[130] Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. I, София, 1933, 141

[131] „Јас полетав за да спасам едно свето дело, а ете ме сега со потсечени крилја. Јас го добив сам ударот, кој отидов да го нанесам" (Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . . 175).

А. Динев со крајна острина го жигосува овој самоиницијативен чекор на Силјанова. Сп. А. Динев, op. cit., 196—7; Cf. ф. 77.

[132] Сп. Спомени на Ан. Лозанчев, ракопис. . ., 14; Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди, 176—180; В. Трифоновъ, Idem, 11.

[133] 19 јуни ст. стил 1903 година. Сп. Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония. . ., 141.

[134] Поопширно за судирот кај Попадија и неговите последици види: Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 174—200.

[135] Хр. Силяновъ, Idem, 196—197.

[136] Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. I, 141.

[137] Некои села добиле рок за предавање на оружјето по Трсјенската провала. Таков бил случајот со Пателе и Екшису. Cf. ф. 65, 79.

селаните во рок од две недели доброволно да го предадат оружјето[138]. Некои кметови толку се заплашиле што дури залепиле на селските ѕидови соопштенија за предавање на оружјето[139].

Провалата во с. Пателе ги засегнала и селата Екшису, Зелениче, Петрско, Баница, Церово, Горничево, Неокази и Суровичево[140].

Притоа најтешко настрадало селото Екшису.

„За Екшису рокот истече минатиот петок. Повиканите старци кај суровичевскиот мудур му рекле дека немаат оружје.

— Дајте потпис дека немате! — рекол мудурот.

— Ќе дадеме потпис само за нашите куќи—одговориле првенците.

— Не, ќе дадете за целото село!

— Не даваме.

— Слушајте, говорел мудурот: штом дојдов во селото, вас ќе ве земам кај себе и ако една пушка грмне против нас, сите ќе ве исколиме...“[141].

Споменатиов дијалог најдобро ја илустрира тешката положба во која се нашле леринските села.

Од с. Екшису во битолскиот затвор биле затворени 26 души[142] и тоа:

1. Стефан Иванов, обвинет за продажба на оружје,
2. Васил Иванов, под исто обвинение,
3. Алекса Романовски, год исто обвинение[143],
4. Пандил Шишков, под исто обвинение.
5. Пандил Василев, под исто обвинение[144],

---

[138] Според в. Право, ваква наредба била дадена и во Костурско и Демир Хисарско. Сп. По кървавото сблъскване..., в. Право, II/20—21, 3.

„По заповед, се гледа од Цариград, битолските власти испратиле специјални луѓе кои одат низ селата и го уверуваат населението да не дига глава.

— Толку години сме живееле како браќа, велат тие, од што има да се плачете. Немојте да слушате разни диви млади. Султанот секогаш бил добар татко кон своите поданици; елате, утешете се, дајте го своето оружје и заживејте во домовите и (на) својата нива под покровителство на оружјето на нашата војска“. (Сидеръ, Въстанието въ Леринско, в. Вечерна поща, III/397, София,2 юлий 1902, 3).

[139] По кървавото сблъскване въ с. Пжтеле, в. Право, II/20—21 (28—29), София, 7 юлий 1902, 3.

[140] Точенъ списъкъ..., в. Право, II/19 (27)и II/30(38); Кърваво сблъксвание въ Леринско, в. Право, II/19 (27), 4.

[141] Кърваво сблъскване въ Леринско, в. Право, II/19 (27), София, 28 юний 1902, 4.

Во врска со ова, според еден напис во в. Право (Lettres de Turquie, в. Право, II/19/27,1), 120 млади луѓе од Екшису биле затворени во Битола. Споменатава бројка е секако хиперболизирана.

[142] Не е позната датата на апсењето на овие лица. Секако, меѓу овие 26 мина се наоѓаат и оние лица затворени во врска со јануарската провала.

Навистина, во Мемоарот е презентиран список на затворените во битолскиот затвор заклучно со април 1903 г. Меѓутоа, се чини, не е комплетен. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ..., 66.

За жал, не располагаме со судските протоколи, поради што не можевме да ја утврдиме фактичката состојба.

[143] Споменативе тројца биле „неодамна ослободени“ (Сп. Обитателитѣ на битолския затворъ, в. Право, II/24, София, 27 юлий 1902, 4).

[144] Последниве двајца биле „осудени на вечно заточение“ (Обитателитѣ..., в. Право, II/24/32/, 4).

6. Михаил Наумов, обвинет за агитација и примање на чети,
7. Поп Ваче, под исто обвинение,
8. Пандил Попчев, под исто обвинение,
9. Козма Стефов, под исто обвинение,
10. Васил Поп Вачев, под исто обвинение,
11. Томе Танасов, под исто обвинение,
12. Кирјак Мицев, под исто обвинение,
13. Симо Мицев, под исто обвинение,
14. Мице Љапчев, под исто обвинение,
15. Алексо Атанаов, под исто обвинение,
16. Коле Динев, под исто обвинение,
17. Марко Попов, под исто обвинние,
18. Васил Голчев, под исто обвинние,
19. Стојко Танасов, под исто обвинние,
20. Толе Масин, под исто обвинение,
21. Оле Николов, под исто обвинение
22. Неделко Митрев, под исто обвинение[145],
23. Ване Домазетов, под исто обвинение[146],
24. Стефан Чеков, под исто обвинение,

25—26. Двајцата синови на Чекова на 19 и 21-годишна возраст, под исто обвинение[147].

Апсења имало и во другите села. Така, од с. Церово во битолскиот затвор биле одведени:

1. Ив. Колев, 23-годишен, затворен на 16/29 јуни 1902 г., обвинет за убиство,
2. Стефо Иванов, 22-годишен, затворен истиот ден под исто обвинение[148],
3. Коле Мицев, 42-годишен, затворен истиот ден,
4. Ване Динев, 35-годишен, затворен истиот ден,
5. Лазо Динев, 18-годишен, затворен истиот ден*,
6. Наумче Минев, 30-годишен, затворен истиот ден[149],
7. Коста Терзиев, обвинет за убиство*,
8. Минче Терзиев, под исто обвинение*,
9. Кире Шингаров, под исто обвинение,
10. Ване Христов, под исто обвинение[150].

---

[145] Умрел во затворот. Сп. Обитателитѣ. . ., в. Право, II/24 (32), 4.

[146] „Неодамна ослободен". (Обитателитѣ. . .,4).

[147] Обитателитѣ на битолския затворъ, в. Право, II/24 (32), София, 27 юлий 1902, 4.

[148] Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ битолския затворъ, в. Право, II/29 (37), 2.

[149] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/30 (38), 2. Изгледа дека споменативе шестмина биле милиоционери што паднале во турски раце при блокадата на Пателе.

[150] Последниве двајца биле осудени на 15 годишен затвор. Сп Обитателитѣ. . ., в. Право, II/24 (32), 4.

На 20 јули/2 август н. ст. 1902 г. од Церово биле затворени уште
1. Типе Стамов, 23-годишен,
2. Стефо Стамов, 20-годишен и
3. Стојче Мицев, 27-годишен. Сп. Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/29 (37), 2. Меѓутоа, не е познато по кој повод биле затворени.

Од с. Баница биле затворени:

1. Миле Костов, 43-годишен, затворен на 3/16 јули 1902 г., обвинет за убиство,

2. Коле Павлев, 30-годишен, затворен истиот ден под исто обвинение,

3. Иљо Георгиев, 33-годишен, затворен истиот ден под исто обвинение[151],

4. Мице Петрев, 50-годишен, затворен на 3/16 јули,

5. Геле Пејов, 40-годишен, затворен истиот ден[152].

Од с. Горничево биле затворени:

1. Диме Јованов, 30-годишен, затворен на 4/17 јули 1902 г.,

2. Филе Трајков, 40-годишен, затворен истиот ден[153].

Од с. Зелениче на 21 јуни /4 јули н. ст. 1902 г. бил затворен:

1. Благој Динев, 28-годишен[154].

Од с. Неокази на 29 јуни/12 јули н. ст. 1902 г. бил затворен:

1. Георги П. Димитров, 20-годишен[155].

ТМОРО во Леринско по провалата во Пателе ги доживувала најтешките часови од своето постоење[156].

Репресалиите, апсењата, запленувањето на пушките[157], загубата на Марко Лерински и поразот кај Попадија довеле до најтешката последица од оваа провала: опаѓање на моралниот дух на населението и губење на вербата во моќта на Организацијата.

За да се спречи натамошното ширење на провалата во Леринско, остатоците од четите на М. Лерински и Хр. Силјанов, по налог на

---

[151] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/29 (37), 2.

[152] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/30 (38), 2.

[153] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/29 (37), 2.

[154] Ibidem.

[155] Точенъ списъкъ. . ., в. Право, II/29 (37), 2.
На 20. 7/2 август н. ст. 1902 биле затворени уште:
1. Хр. П. Димитов од Неокази, 26-годишен и
2. Михаил Стефов од с. Врбјани, 20-годишен.
Не е познато по кој повод биле затворени. Cf. ф. 149.

[156] Поаѓајќи од тешката положба во која се нашло Леринско по Трсјенската провала, според Лозанчева, „Марко прв го подигна прашањето за востание".
Сличен став, според Лозанчева, зазел и Хр. Силјанов по смртта на Марко Лерински. Сп. Спомени на Ан. Лозанчев, Архив на ИНИ, сл. IV. 68, 14.
Меѓутоа, нема потврда на ова тврдење на Лозанчева.

[157] По смртта на Марко Лерински, според Лозанчева, аскерот само за неколку дена запленил околу 600 пушки. Сп. Спомени на Ан. Лозанчев . . . , IV. 68, 19.
Меѓутоа, нема потврда на овој податок.

Окружниот комитет на ТМОРО во Битола, биле префрлени во Костурско[158].

Постоела реална опасност провалата да се прошири и во Костурско[159]. Имајќи горчливо искуство од Иванчовата провала, костурското раководство решило да го испрати Пандо Кљашев во Битола за да се консултира со Окружниот комитет за мерките што треба да се преземат доколку провалата се разграни и во Костурско. „Јас бев појден на 20 јуни (3 јули н. ст., непосредно по судирите во Пателе и Попадија, м.б.) во Битола, преоблечен во селски алишта, каде се сретнав со Лозанчева, за да прашам какво поведение да заземеме во Костурско, ако Леринската афера — по Пателе, мине и во Костурско, да бегаме ли в планини, да се предаваме или да се бориме и сл. Лозанчев беше на мнение, дека селаните треба да бегаат в планина. Тој рече дека тие пишале во ЦК за инструкции, за да си го даде мнението, ќе треба ли да направиме движење уште ова лето, или ќе оставиме сè да пропадне. Таков тежок впечаток правеше Леринската афера, поради која до 300 пушки се предадоа. Лозанчев уште рече дека за секој случај уште два месеци треба да ја задржиме положбата и ми нарача да гледаме да не одат туѓинците, т.е. да не одат луѓето в туѓина"[160].

Штом провалата постивнала во Леринско, се вратил Дине Кљусов со остатоците на Марковата чета[161]. Поради недостиг на податоци тешко може да се каже колку леринската чета предводена од Дине Кљусов успеала да ја стабилизира положбата во организационите редови. Меѓутоа, самото нејзино присуство во Леринско придонесло за посмирување на духовите и за релативно подигање моралот на населението.

Турнејата на полковник Јанков преземена со врховистички благослов и неговата намера да испровоцира востание во југозападните региони на Македонија воделе кон нова провала во Леринско. Во таа смисла особено бил гибелен Јанковиот план за напад на градот Лерин на 7/20 септември н. ст. 1902 година[162].

Провалата во с. Крушоради претставува последна алка во синџирот на лерински провали во 1902 година.

Во раната есен на 1902 година, за време на сезоната на гроздоберот во с. Крушоради пристигнала леринската чета предводена од Дине

---

[158] Сп. Спомени на Ан. Лозанчев..., 14; В. Трифоновъ, Себеотрицание то..., 11; Освободителната борба..., 79.

Меѓутоа, според Силјанова, му пишале од „Лерин привремено да се префрли во Костурсхо" (Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., 141). Секако, писмото било пратено по инструкција на Окружниот к-т.

[159] Cf. ф. 138.

[160] Освободителната борба въ Костурско (до 1904 г.), По спомени на Пандо Кляшевъ, МНИ, кн. II, София, 1925, 80.

Ете каде лежат корените на Лозанчевиот став на Солунскиот конгрес на ТМОРО во јануари 1903 година. Cf. ф. 156.

[161] Според Трифонов, Д. Кљусов по враќањето во Леринско целосно се оддал на интензивна револуционерна дејност. Сп. В. Трифоновъ., Себеотрицанието. . .,11.

[162] Поопширно за Јанковата врховистичка мисија види: Освободителната борба въ Костурско. . ., 83—104; Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, т. I, 165—176; Спомени на Ан. Лозанчев, сл. IV, 84, 15; Историја на македонскиот народ, Скопје, 1969, кн. 2, 224—225.

Кљусов[163]. Таа била сместена во 3 куќи во маалото „Јуруко". Заедно со војводата се сместиле Крсте Торбаков од Сетино, Ване Попов од Неокази и 20-годишниот Најдо од Добровени.[164]

Вечерта војводата го посетиле членовите на раководното тело на подоколискиот центар на ТМОРО во с. Воштарани: раководителот, дедо Ичо[165], секретарката Екатерина Динева[166] и касиерот Трајко Чаков. До доцна во ноќта ја разгледувале положбата на организационата мрежа во околните лерински села.

Следниот ден околу пладне маалото „Јуруко" било блокирано од заптии и броен башибозук. Тие очекувале аскер од Лерин за да ја започнат акцијата против комитите[167].

Предавството на четата го извршил селскиот гајдачија Гацо· Тој му јавил на Турчинот Муто дека четата престојува во „Јуруко", а овој пак му сигнализирал за тоа на мудурот во с. Воштарани. Веднаш по добивањето на веста мудурот телеграфирал во Лерин[168].

Борбата во с. Крушоради започната на 15/28. IX. 1902 година во 2 часот попладне[169] Четата херојски се бранела. Борбата се одвивала до мракот. Две третини од четата успеале да се провлечат низ турскиот кордон, оставајќи притоа само една жртва[170]. Во борбениот вител останал само Дине со своите тројца другари, давајќи притоа огорчен отпор. Штом муницијата им привршила, се засолнале во скривницата на Филип Гоговчев[171]. Тогаш јузбашијата наредил селаните да ги напуштат куќите. Веднаш потоа наредил од сите страни да се потпали маалото

---

[163] Според В. Трифонов, четата дошла во Крушоради на 27 септември 1902 г. Сп. В. Трифонов, Себеотрицанието на македонския четникъ, Ил. Илинденъ, XI/8 (108), София, 1939, 11.

[164] Себеотрицанието. . ., 11.

[165] Дедо Ичо (Ицко) од Воштарани бил еден од најстарите работници на ТМОРО во Леринско. Уште во 1898 год. заедно со Јованче Кафеџијата од Битола му помагал на Лазар Поп Трајков во својство на терорист. Тогаш, според Кљашева, „дедо Ицко, 50 годишен, прегрбен, многу скромен човек-беше душата на целиот реон во Леринско" (Осв. борби. . ., 18). Во 1899 год., Г. П. Христов го назначил за раководител на раководното тело во Воштарани (Г. П. Христов, Революционната борба. . ., 18).

Хр. Силјанов многу убаво го насликал неговиот лик. Сп. Хр. Силянов, Писма и изповѣди. . ., 195—196.

[166] Катерина Динева била учителка во Прекопана и Воштарани. Поопширно за неа види: Хр. Силяновъ, Писма и изповѣди. . ., 201—203; В. Трифоновъ, Себеотрицанието. . ., 11; Д. Димески, Делчевата мисија. . ., сп. Современост, XXI/9—10, 945.

[167] В. Трифоновъ, Себеотрицанието. . .,11.

[168] В. Трифоновъ, Себеотрицанието. . .,11. С. Воштарани било седиште на мудур. Сп. Хр. Силяновъ, Писма. . . 203.

[169] Сп. Македония и Одринско мемоаръ. . ., 84 В. Трифоновъ, Idem, 11; Освободителната борба. . ., 100; Към борбитѣ. . ., 38.

Погрешна е констатацијата на Силјанова дека Дине се самоубил во с. Воштарани. Сп. Хр. Силяновъ, Раздѣла (споменъ), Македоно-одрински прегледъ, II/13, София, 25 декемврий 1905, 101.

[170] Според Трифонов, загинал Коста од Неокази.

И Силјанов споменува за загинување на Коста од Неокази, но во судирот кај Попадија (Сп. Хр. Силяновъ, Писма. . ., 196). Со оглед на тоа што не е познато презимето, може да станува збор за две лица со исто име.

[171] В. Трифоновъ, Себеотрицанието. . .,11.

„Јуруко"[172]. Дине и неговите тројца другари почнале да сѐ задушуваат. Во тие мигови се решиле на саможртвен чин. Со последните куршуми извршиле самоубиство.

„По пукотот на патроните војската ја откри скривницата и наиде на страшна слика: Дине заедно со тројцата другари, откако ја уништиле архивата и оружјето, си ги пробиле черепите!"[173]

Покрај тоа, во пожарот изгореле 15 куќи[174].

По смртта на Дине Кљусов, Леринско повторно останало без војвода[175].

По кратко време оваа празнина била пополнета. Околу 12/25 октомври 1902 година од Костурско се префрлил во Леринско Георги Папанчев, кој бил назначен за лерински војвода[176]. Оваа рокада била можна благодарение на пристигањето на Иван Попов во Костурско[177]. Веднаш по своето доаѓање, Георги Папанчев презел чекори за санирање на траумите од провалите, а со самото тоа и нормализирање на организационата дејност во Леринско[178].

Странските дипломатски претставници будно ја следеле ситуацијата во Македонија. Во одредени моменти, кога репресалиите ги надминувале вообичаените рамки, тие остро реагирале кај Портата. За илустрација ќе го приведеме само извештајот бр. 9/17 март 1902 година што го испратил францускиот амбасадор во Цариград Констан до францускиот министер за надворешни работи Делкасе. Амбасадорот во извештајот ја изнесува својата намера да го посети турскиот воен министер за да му вложи протест поради ангажирањето на башибозукот во Екшисујската и Јосифовата провала, а потоа и да го потсети дека тоа е спротивно на поставките на договорите.

„Неколкумина од моите колеги ми ја искажаа својата желба да ѝ поднесат на Портата една општа нота по однос на несредената положба во таа област. Се гледа дека нивните влади ги ополномоштиле да го сторат тоа. Јас, пак, не верувам во корисноста на слична постапка штом сите претставници на Силите не се расположени да земат учество во неа"[179].

Како и да е, големите сили ги користеле провалите за мешање во внатрешните работи на Отоманската империја.

---

[172] Маалото „Јуруко" било христијанско, а другите две турски. Сп. В. Трифоновъ Себеотрицанието. . .,11.

[173] В. Трифоновъ, Idem, 11.

[174] „Целото село (маалото Јуруко) било изгорено (15 куќи)" (Къмъ борбитѣ. . ., 38

[175] Дине Кљусов од Екшису бил член на леринската терористичка група (Г. П. Христов, Рев. борба. . ., 18). Подоцна, својата судбина ја сврзал за Марковата чета.

[176] Освободителната борба въ Костурско (до 1904), По спомени на Пандо Кляшев, София, 1925, 100.

[177] Ibidem.

[178] Во Леринско Папанчев останал до својата трагична смрт. Сп. Д. Димески, Борбата кај с. Баница, 1903 г., сп. Историја, IX/2, Скопје, 1973, 145—150.

[179] Извештај бр. 9/17 март 1902 г. на Констан, пратеник на Француската Република во Цариград до Делкасе, француски министер за надворешни работи. (Френската жълта книга по македонския въпросъ, прѣвелъ отъ оригиналъ Д. Ризовъ, София 1903, 8).

Леринските провали во 1902 година сериозно ја разнишале организационата мрежа во Леринско.

Нивната бројност и нивните размери најдобро ја илустрираат ширината на организационата мрежа во Леринско. Оттаму резултира и зголемената тежина на нивните последици[180].

Најтешки последици оставиле провалите во Трсје и Пателе. Особено била тешка загубата на Марко Лерински, човекот за чие име бил сврзан нагорниот о̂д на ТМОРО во Леринско.

Леринските провали во 1902 година придонеле за трасирање на патот што довел до Илинденското востание во 1903 година.

Dimitar DIMESKI

## LERINS DURCHBRÜCHE IM JAHRE 1902.


(Z u s a m m e n f a s s u n g)

1902. wurden mehrere Durchbrüche geführt. Die wichtigsten sind: der Durchbruch im Dorf Ekschissu, Josefs Durchbruch, Trsjes Durchbruch, Pateles Durchbruch und der Durchbruch im Dorf Kruschoradi.

Die Durchbrüche im Bezirk Lerin im Jahre 1902. haben das Netz der leriner TMORO gefährdet.

Die Durchbrüche Trsjes und Pateles haben die schwersten Folgen. Die massenhaften Repressalien, die Verhaftungen, die Beschlagnahme der Waffen und besonders der Verlust von Marko Lerinski führten zu den schwersten Folgen dieser Durchbrüche. Markos Verlust brachte die Versenkung der kämpferischen Moral der Bevölkerung und ihr Glauben an die Macht der Organisation zum Ausdruck.

Die ausländischen Diplomaten verfolgten die Situation in Makedonien mit besonderem Interesse. In bestimmten Momenten, wenn die Repressalien den üblichen Rahmen überschritten, reagierten sie bei der Porta streng. Die Grossmächte benutzten die Durchbrüche für direkte Einmischung in die inneren Angelegenheiten des Otomanischen Imperiums.

Lerins Durchbrüche von 1902. brachten unter anderem zum Hervorrufen des Ilindenischen Aufstandes bei.


---

[180] Во септември 1902 година во битолскиот затвор се наоѓале 460 поли тички затвореници. Од нив, 128 биле од леринската каза. Сп. Македония и Одринско (1893—1903), Мемоаръ на Вжтрѣшната организация, 1904, 67.

Поопширно за значењето на провалите во ТМОРО види: Хр. Матовъ, Основи на Вжтрѣшната революционна организация съ приложение що *бехме-шо сме*I, III задгранично издание, 1925, 73—76; Д. Димески, Ракитничката провала, 1902 година, сп. Историја, VI/2, Скопје, 1970, 140.